Ludwig Boltzmann Institute
of Human Rights

# Децентрализација на социјалната заштита во Република Македонија – фактичка состојба, предизвици и можности на локално ниво

МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Април, 2012

Austrian Development Cooperation

## Издавач

Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“ – БИМ-ФВ, Скопје

Подготовката и печатењето на оваа публикација се поддржани финансиски од страна на Австриската соработка за развој (ADC)



## Подготовка

Светлана Трбојевиќ, Институт за социјална работа и социјална политика



## Проект

„ Социјална инклузија и човекови права и во Македонија“

Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“ - БИМ-ФВ, Скопје

ул. „Вељко Влаховиќ“ бр. 1 А-1/4 1000 Скопје

тел. +389 (0)2 3216 956

факс: +389 (0)2 3216 982

## Тим за поддршка на БИМ-ФВ, Скопје

Петранка Делова-Миладинова – менаџер на проектот

Стојан Мишев – советник за човекови права

Нинослав Младеновиќ - советник за човекови права

Јагода Иљов – административен асистент

## Лице за поддршка од Министерството за труд и социјална работа на РМ

Ирена Тодороска – раководител на Одделението за социјална инклузија

## Лектура

Марија Костовска



Ставовите изразени овде и оние на авторите не ја изразуваат секогаш официјалната позиција на:

*Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“ (БИМ-ФВ) и на Австриската соработка за развој (ADC)*

# Содржина


Предговор 5

Поздравен говор на г.Ибрахим Ибрахими, заменик-министер за труд и социјална политика на Република Македонија 6

Поздравен говор на г-ѓа Петранка Делова-Миладинова, раководител на БИМ-ФВ Скопје 8

Листа на кратенки 13

ВОВЕД 14

Предизвици со кои се соочуваат клучните актери во системот на социјалната заштита при процесот на децентрализација 16

Идентификувани недостатоци при постапувањето на институциите на локално ниво 21

Идентификувани социјални проблеми и потреби на сиромашните и ранливите групи од населението во заедницата и капацитетите на општините за нивно надминување 25

Пренесување на позитивни практики 26

Придобивки од примена на принципот заснован на човекови права во процесите за подготовка на локални стратегии за социјална заштита, социјална инклузија и намалување на сиромаштијата во осум општини 29

Придобивки од активното вклучување на сиромашните и ранливите групи во донесувањето одлуки на локално ниво 32

Следни чекори во процесот на децентрализација на социјалната заштита 35

Заклучоци и препораки 38

Список на присутни на тркалезната маса – Децентрализација на социјалната заштита во Р.Македонија одржана на 30.3.2012 42

Користена литература 44

## Предговор

Во последните три години, преку низа активности, Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“ директно ги поддржа напорите на Министерството за труд и социјална политика за имплементација на процесот за децентрализација на социјалната заштита во Република Македонија. Во тој процес, Институтот е посветен за промовирање на пристапот заснован на човекови права (ПЗЧП). Согласно со напорите кои се преземени на национално, особено на локално ниво, основна определба на Институтот е да обезбеди поддршка на процесот за децентрализација на социјалната заштита во државата. За таа цел, на ден 30.03.2012, во партнерство со МТСП се организираше тркалезна маса под наслов *„Децентрализација на системот за социјална заштита и социјално вклучување во Република Македонија – фактичка состојба, предизвици и можности на локално ниво“.*

Резултат од самиот настан е оваа публикација која во себе ги содржи суштинските прашања кои беа предмет на дискусија од страна на претставниците на централната власт, единиците на локалната самоуправа, граѓанскиот сектор и меѓународните организации. Составен дел од оваа публикација се, исто така, и основните наоди од студиите на БИМ-ФВ кои претставуваа основа за целокупниот процес, односно податоците за институционалната поставеност на системот за заштита, т.е. фактичката состојба на сиромашните и ранливите групи, како и постојните предизвици на ова поле. Презентациите, односно воведните обраќања на г. Ибраим Ибраими, заменик-министер во МТСП, г-ѓа Петранка Делова-Миладинова, проектен менаџер во БИМ-ФВ Скопје и г-ѓа Мила Царовска, претседател на МППС се инкорпорирани на почетокот од оваа публикација како вовед во делот што следува.

## *Поздравен говор на г.Ибрахим Ибрахими, заменик-министер за труд и социјална политика на Република Македонија*

*Почитувани присутни,*

Ако кохезијата значи пат до идеалот, социјалната инклузија е алатката да допреме до благосостојбата што треба да ја ужива секој граѓанин на оваа држава. Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика одлучно и енергично чекорат по овој пат, преземајќи активности за спречување на сиромаштијата и социјалната исклученост.

Обезбедување подобри услови за живот на граѓаните е императив за Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика, но секако и за општините. Токму со децентрализацијата на социјалната заштита, заеднички создаваме услови за едно инклузивно и кохезивно општество.

Не се непознати сиромаштијата и социјалната исклученост на ранливите групи. Ние не ги игнорираме овие проблеми, туку напротив, активно работиме на пронаоѓање решенија.

Оттука, Владата на РМ ја усвои Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020 која ја отсликува интенцијата на Република Македонија за изедначување на степенот на вклученост и добросостојба низ сите слоеви од општеството.

Главни стратешки цели за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија се:

*- Намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија преку подобро користење на расположливите човечки и материјални ресурси; подобрување на условите за живот и за работа; подобрување на општествените улови за сите граѓани; системско и институционално содејство во функција на побрз развој, повисок стандард и поквалитетно живеење.*

Дозволете ми во оваа пригода да нагласам дека покрај постојните програми за парична помош, оваа година Владата усвои посебни програми со кои се обезбедува дополнителна помош за најзагрозените семејства, и тоа: Про-

грама за социјална заштита, Програма за намалување на енергетската сиромаштија за субвенционирање на потрошувачката на енергија и Програма за условен паричен надоместок за редовно посетување на средното училиште за децата од семејствата кои се корисници на СПП, преку која програма сметаме дека ќе влијаеме на трансгенерациското пренесување на сиромаштијата.

За изградба на едно кохезивно општество во кое борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост ќе значи постоење на безусловни „еднакви можности за сите“, потребно е заедничко дејствување на сите....кога велам сите, мислам на министерствата, локалната самоуправа, Македонската платформа за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост, невладините организации, па дури и на секоја индивидуа.

Недвосмислено, принципите на партиципативност, координираност и транспарентност треба да бидат основните предуслови за градење на локалните стратегии и нивното поврзување со националната политика.

Со помош на Австриската развојна агенција и Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“ го отворивме процесот во осум (8) општини ширум државата, и тоа во: Липково, Студеничани, Пехчево, Берово, Неготино, Радовиш, Конче и Чашка. Најрелевантните актери на локално ниво се сплотија и создадоа локални стратегии за социјална заштита и социјална инклузија, врз основа на детектираните реални потреби на маргинализираните групи. Во моментот течат микропроектите, преку кои финансиски ги поддржавме невладините организации кои ги застапуваат интересите на ранливите групи на локално ниво.

Децентрализацијата на социјалната заштита нуди можности и бројни предизвици за уште поактивна улога, не само на општините туку и на невладиниот сектор за подобрувањето на квалитетот на живот кај сите свои граѓани, а особено на оние најранливите.

На крај, дозволете ми уште еднаш да ја потенцирам важноста од заедничко дејствување затоа што преку преземање конкретни акции, во голема мера ќе придонесеме за помош и заштита на социјално загрозените семејства.

Дефинитивно има простор за подобрување на состојбите и убеден сум дека заеднички ќе создадеме безусловни „еднакви можности за сите“.

## *Поздравен говор на г-ѓа Петранка Делова-Миладинова, раководител на БИМ-ФВ Скопје*

*Почитуван заменик-министер г.Ибрахими,*

*Почитувани градоначалници,*

*Проектни партнери и гости,*

Во име на Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман", дозволете ми да ви посакам добредојде на денешнава дискусија на тема „Децентрализација на социјалната заштита на локално ниво", односно предизвиците со кои се соочуваат општините во обезбедувањето на социјалните услуги за своите корисници.

Дискусијата ја организираме во рамките на проектот *„Социјална инклузија и човекови права во Македонија"* што го спроведува БИМ-ФВ Скопје. Се работи за тригодишен проект кој е финансиран од страна на Австриската агенција за развој, во чии рамки соработуваме со голем број НВОи, членки на Македонската платформа против сиромаштијата и осум општини (Липково, Студеничани, Чашка, Неготино, Радовиш, Конче, Берово и Пехчево), чии претставници се и денес присутни.

Соработката на локално ниво опфаќаше процес за изработка на локални стратегии за социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата, како и спроведување на пилот-проекти насочени кон приоритетните области од стратегиите од секоја општина.

Притоа направивме неколку анализи и студии за утврдување на состојбата на најранливите категории граѓани и одржавме серија обуки за јакнење на локалните капацитети во областа на човековите права, социјалната инклузија и намалувањето на сиромаштијата.

При многуте работилници и средби кои ги имавме со различни претставници од вашите општини, честопати наидовме до различни согледувања за состојбата на социјалната заштита и социјалното вклучување на локално ниво. Од една страна, имавме корисници на социјални услуги кои се во помала или поголема мера незадоволни од она што се случува во оваа сфера на локално ниво, а од друга страна, наидовме на изговори или оправдувања за истото од

страна на вработените во општините дека сè уште не се децентрализирани социјалната заштита и прашањата поврзани со социјалата. Токму тоа беше и поттикот да ја организираме денешнава дискусија на која очекуваме да се истакне ставот на сите чинители во оваа сфера, а пред сè, да дознаеме до каде е процесот за децентрализација на социјалната заштита и кои се понатамошните чекори кои ќе бидат преземени за подобрување на животот на корисниците.

Очекуваме плодна дискусија која ќе резултира со препораки за унапредување на состојбите на локално ниво.



## *Поздравен говор на г-ѓа Мила Царовска, претседател на Македонската платформа против сиромаштијата и социјалната исклученост (МППС)*

*Почитуван заменик-министер г.Ибрахими,*

*Почитуван градоначалник г.Лазарев,*

*Почитувани претставници на локалните самоуправи,*

*претставници на здруженијата на граѓани,*

Како што бев најавена, јас сум претседател на Македонската платформа за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост, формирана во 2010 година со цел да го обедини невладиниот сектор во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост, но секако и со цел да ги застапува интересите на граѓаните во креирањето на сите национални и локални политики. Над 40 организации се веќе членови на македонската платформа, а уште десет се веќе кандидати-членки за наредното собрание. Ова ни покажува дека обединувањето навистина може да придонесе кон зголемување на гласот на невладиниот сектор во застапувањето пред државните институции.

Би сакала да наведам некои од активностите кои се спроведени во период од скоро две години, и тоа од 2010 до сега. Секако дека ќе ги споменеме само оние кои се позначајни бидејќи ќе одземе многу време ако ги споменеме сите. Во 2010 година, преку Македонската платформа за борба против сиромаштијата и Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“, а со поддршка на Австриската агенција за развој се креираше кампања за да пристапи Македонија кон Европската кампања за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост и за да стане член од групата држави кои ја одбележаа годината на сиромаштија и социјална исклученост. Всушност, верувам дека на сите Ви е позната кампањата „Секој трет Македонец води крпен живот во Македонија“. Имавме позитивни и негативни реакции за кампањата. Ние сакавме да поттикнеме дебата која ќе покаже дека не води крпен живот секој трет Македонец, туку секој прв ако зборуваме за квалитетен живот, а не за минимални услови за живот коишто се мерат на некој начин во Македонија. Исто така, во 2011 година беше одржана Првата конференција за сиромашни и исклучени лица

која се организираше во Битола и на која беа присутни над 120 ранливи групи. Истите лица подготвија декларација на сиромашните и социјално исклучените лица, која му ја предадоа на министерот Спиро Ристовски, кој прими пет претставници од социјално исклучените и ранливите групи и ги слушна нивните барања. Тој, секако, даде политички одговор дека ќе ги разгледа барањата, но ќе видиме што ќе се случи во иднина и како ќе постапи во однос на истите. Исто така се спроведе марш на сиромашни и социјално ислкучени лица и се подготви извештај за нив во 2010 година.

Македонската платформа е членка на Европската платформа против сиромаштијата што навистина дава голема можност за влијание, како врз националните така и врз европските политики и секако, пресликување на европските политики на национало ниво. Македонската платформа против сиромаштијата ќе продолжи да го следи креирањето на националните и локалните политики, но не само креирањето туку и имплементацијата на истите и притоа ќе ги следи и буџетите и нивното трошење. Сметаме дека е тоа многу важно поради тоа што пренасочувањето на средствата кои се предвидени за социјална заштита, навистина, многу често се случува да бидат злоупотребени, а верувам дека сите здруженија на граѓани имаат интерес да останат во националниот буџет поради средствата кои се предвидени за социјална заштита.

Кој е ставот на невладиниот сектор во однос на децентрализацијата или во однос на социјалната заштита? Првенствено, невладиниот сектор во моментов има можност, согласно со законот, да биде дел од нудење на социјалните услуги. Но, такви позитивни практики речиси и да немаме во практиката. Зошто? Поради тоа што не се донесени механизми како одредени организации ќе пристапат, на кој начин ќе бидат плаќани итн. Тоа не би можело да се постигне преку грантова шема. Тука треба да станува збор за проценка на квалитетот, за плаќање по услуга што ќе ја нуди невладиниот сектор, за кршење на монополот на социјалната заштита што сега го нуди државата. За да се направи тоа, потребна е една целосна мрежа на невладини, државни институции и останати фактори во државата кои треба да го развијат целиот овој систем, не само на децентрализација туку и на распределување на социјалната заштита со улогата на социјалните сервиси кон другите социјални партнери во државата.

Секако, ако тоа може да се направи како добра практика на национално ниво, верувам дека ќе може да се спушти и на локално ниво. Во моментов, дел од локалната самоуправа што соработува со невладиниот сектор може да преземе дел од социјалната и здравствената заштита, но дел од нив немаат капацитет да го направат тоа. Верувам дека тоа ќе биде дел од денешната дискусија за тоа - колку, навистина, може да сметаме дека локалната самоуправа може да ја преземе социјалната заштита? Како невладин сектор сметаме дека со децентрализацијата ќе се унапреди квалитетот. Најпрвин, ќе се формира помала група градоначалници или тимови за социјална, детска и здравствена заштита кои ќе прават проценка за потребите на граѓаните, и тоа на многу помал број население и активностите или акциите директно ќе ги насочат кон специфичните целни групи на локално ниво. Тогаш ќе нема потреба да ги креираме на национално ниво, а потоа да ги пресликаме или малку модифицирани да ги креираме и на локално ниво.

Исто така, во однос на социјалната заштита, сакам да нагласам дека Македонија треба да обрне внимание на новата Стратегија за активно вклучување што бара од сите држави кои треба да пристапат кон Европската унија да ја спроведат оваа стратегија. Што значи дека Македонија треба да усвои минимална социјална помош, прашање што не сме го отвориле, а ние сè уште зборуваме за минамална, достоинствена, плата која е една од компонентите на Стратегијата за активно вклучување. Втората компонента е квалитет на сервисите кои мора да ги понудиме на национално и локално ниво и третата компонента е минимална социјална помош. Јас ова би сакала да го отворам само како прашање бидејќи понатаму треба да отвориме нови трибини и дискусии токму за оваа стратегија и за овие акции што Европа ги бара од Република Македонија. Би сакала да ги отворам овие прашања, па ако имате дополнителни прашања останувам отворена за нив.

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| **БИМ-ФВ** | Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“ |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **ЗЕЛС** | Заедница на единиците на локална самоуправа |
| **ИПА** | Инструмент за претпристапна помош |
| **ЛПГ** | Локални партнерски групи |
| **МППС** | Македонска платформа против сиромаштија и социјална исклученост |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **НВО** | Невладини организации |
| **ОЖП** | Организација на жени Пехчево |
| **ПЗЧП** | Пристап заснован на човекови права |
| **РМ** | Република Македонија |
| **РЦПЛИП** | Републички центар за поддршка на лицата со интелектуална попреченост |
| **УНДП** | Програма за развој на Обединетите нации |
| **УНИЦЕФ** | Детски фонд при Обединети Нации |

# ВОВЕД

Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“ во изминатите години активно работи на промовирање на пристапот заснован на човекови права (ПЗЧП) кои нашата држава ги презема во насока кон намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост. Всушност, основна цел на проектот *„Човекови права и социјална инклузија во Македонија“* е примената на ПЗЧП во процесите на донесување одлуки на национално и локално ниво. Составен дел на поддршката која Институтот ја обезбедува во оваа насока е јакнење на капацитетите на релевантните институции, органи и организации кои како носители на обврските треба да бидат активни во остварувањето на правата на сиромашните и ранливите групи од населението. Паралелно се работи на јакнење на капацитетите на носителите на права, земајќи предвид дека нивното вклучување е неопходно и суштинско за постигнување на посакуваните промени во нашето општество, како и унапредување на постојните состојби во областа на човековите права, социјалната заштита и социјалното вклучување.

На <u>национално ниво</u>, БИМ-ФВ активно ја поддржува Македонската платформа против сиромаштијата (МППС)[1] во нејзините заложби за афирмирање и промовирање на политиките на ЕУ, како и политиките на РМ кои се насочени против сиромаштијата, социјалната исклученост и дискриминацијата.

На <u>локално ниво</u>, во партнерство со МТСП и 8 општини[2] се поддржа подготовката и усвојувањето на локалните стратегии за социјална заштита, социјално вклучување и намалување на сиромаштијата 2011-2015. Основа за подготовка на стратешките документи беше утврдената фактичка сосотојба во студии за состојбите со сиромаштијата и социјалната исклученост. Специфичните цели на проектот на локално ниво се:

- ✓ Да ги вклучи претходно собраните податоци од Студијата за сиромаштија

1 МППС претставува сојуз на околу 30 доброволни, непартиски, граѓански организации, неформални здруженија на граѓани, групи за самопомош, синдикати и поединци кои работат на различни полиња, а ги здружија своите напори за да ги истакнат проблемите со кои се соочуваат граѓаните, а се од нивни заеднички интерес. Тие се насочени за промовирање на социјалната еднаквост и правда, партиципативната демократија и граѓанската солидарност; тие треба да обезбедат одговорност и отчетност на надлежните јавни институции и владини органи во поглед на почитувањето на преземените меѓународни обврски и одговорности. Застапниците го даваат својот придонес против сиромаштијата и социјалната исклученост низ призмата на реализирањето на човековите права на разните ранливи групи.

2 Неготино , Липково, Берово, Пехчево, Студеничани, Чашка, Радовиш и Конче

и социјална исклученост во РМ, во процесот на елаборирање на стратегиските документи за сиромаштија, социјална заштита и социјална исклученост во секоја од одбраните партнерски општини;

- ✓ Да ги поддржи локалните партнерски групи (ЛПГ) во процесот на идентификација на ранливите социјални групи кои се најмаргинализирани и се соочуваат со повеќекратна дискриминација;
- ✓ Да ги поддржи ЛПГ во нивните напори за утврдување на приоритетните проблеми на ранливите и сиромашните лица и да изнајде решенија за нивно интегрирање;
- ✓ Да го промовира моделот на партиципативно учество во процесот на планирање на локалниот развој;
- ✓ Да го вклучи родовиот аспект низ целиот процес на стратегиско и акциско планирање, особено имајќи ја предвид женската сиромаштија и социјалната исклученост на жените, како и односите на моќ при процесите на донесување одлуки на локално ниво;
- ✓ Да го вклучи аспектот за заштита на животната околина низ целиот процес на стратегиско и акциско планирање.

Вклучувањето во оваа иницијатива им овозможи на единиците на локалната самоуправа да почнат со унапредување на состојбите во областа на социјалната заштита и социјалното вклучување на локално ниво. Се постигна повисоко ниво на свесност за состојбата со сиромашните и ранливите групи во заедницата. Примената на ПЗЧП значеше земање предвид на локалните потреби и проблеми на населението, утврдување приоритети согласно со фактичката состојба и спроведување конкретни мерки и активности во насока кон подобрување на утврдените недостатоци. Оттука се очекува позитивните практики од оваа иницијатива, кои беа предмет на дискусија на самата тркалезна маса да претставуваат основа за повторување на еден ваков сеопфатен и координиран процес во останатите општини  во Републиката.

## Предизвици со кои се соочуваат клучните актери во системот на социјалната заштита при процесот на децентрализација

По осамостојувањето во 1991 година, Република Македонија доживеа висок степен на централизација што негативно влијаеше врз локалниот развој и ја наметна потребата од неодложно започнување на процесот на децентрализација. Овој процес, поточно фискалната децентрализација, во Република Македонија започна во текот на 2004 година со донесување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, но имплементацијата на истиот е од 1.7.2005 година.

По 2004 година, на општините им беше дадена можност и одговорност да ги развиваат социјалните функции на локално ниво, односно да креираат програми за задоволување на потребите на групите од социјален ризик. Законот предвидуваше можност, општините да развиваат вонинституционални облици на заштита преку основање и организирање центри за дневно и привремено згрижување граѓани во зависност од нивните потреби, како и да организираат и да спроведуваат социјална заштита за граѓаните од своето подрачје преку донесување сопствени развојни програми согласно со специфичните потреби. Со Законот за социјална заштита од 2009 година се воведе обврзувачкиот елемент според кој општината е должна развојните програми да ги усогласи со стратешките програми на Министерството за труд и социјална политика. „Основната интенција на процесот за децентрализација во обласа на социјалната заштита беше општините да добијат чувство на сопственост на улогата за решавање на социјалните проблеми за ранливите групи на своето продрачје. Односно, основните интенции на измените на законските прописи се насочени кон активно вклучување на општините во процесот на децентрализацијата. Но, не треба да се очекува дека децентрализацијата на системот за социјална заштита е успешна само кога се префрлаат надлежностите на институциите од централно на локално ниво. Па, наместо од министерот за труд и социјална политика, директорот на некоја установа да биде именуван од градоначалникот. Тоа не е децентрализација“. (Спасовка, помошник раководител на Секторот за социјална заштита, МТСП).

Имплементацијата на процесот за децентрализација наметна предиз-

вици на единиците на локалната самоуправа кои, пред сè, произлегуваат од неусогласеноста помеѓу големината на општината, опфатот на надлежностите, финансиските, кадровските и другите капацитети за планирање и имплементација на надлежностите[3] , како и огромните разлики од аспект на развиеноста меѓу урбаниот и руралниот дел во рамките на една општина.

Со цел да се идентификуваат потенцијалите на единиците на локалната самоуправа за спроведување на децентрализацијата во социјалната сфера, од страна на Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“, во рамките на проектот *„Социјална инклузија и човекови права во Македонија“,* беа спроведени две засебни истражувања[4] . Овие истражувања имаа цел да ги проценат локалните состојби и да ги идентификуваат предизвиците со кои се соочуваат клучните актери во системот на социјална заштита при процесот на децентрализација. Притоа се утврди дека основниот проблем со кој се соочуваат општините произлегува од недоволно и несоодветно развиена мрежа на институции[5]. Констатирано е дека постојната мрежа на установи за институционална и вонинституционална заштита не може адекватно да одговори на идентификуваните потреби на граѓаните. За примарните ранливи групи на население, како

3 Со Законот за локална самоуправа од 2002 година се утврдени надлежностите на општините. Според Законот, општините покрај надлежноста за урбанистичко планирање, заштита на животната средина и природа, економски развој, комунални дејности, образование, култура, спорт и рекреација се здобиваат и со надлежност во областа на социјална заштита и заштита на децата (детски градинки) и домови за стари лица - сопственост, финансирање, инвестиции и одржување, остварување на социјална грижа за инвалидните лица и за децата без родители, децата со посебни потреби и други надлежности во социјалната сфера кои се утврдени во Законот. Покрај наведените изворни надлежности, Законот предвидува и делегирани надлежности, при што органите на државната управа можат да делегираат извршување на определени работи на градоначалникот согласно со закон.

4 Анализа на актуелните состојбите во социјалната заштита и социјалното вклучување која е спроведена во шест општини (Штип, Прилеп, Кичево, Сарај, Чашка и Радовиш) и Студија за сиромаштијата и социјалната исклученост во РМ која е спроведена во осум општини (Радовиш, Конче, Чашка, Неготино, Пехчево, Берово, Липково и Студеничани).

5 Иако предмет на оваа публикација не се состојбите со институционална заштита на полето на здравствената заштита, сметаме дека треба да се посочат и констатираните состојби во овој домен. Имено, како и во однос на социјалната заштита така и во доменот на здравствената заштита е констатирано дека постои нееднаква дистрибуција на услуги во урбаните општини наспроти руралните или руралните населби во рамки на општините. Мрежата на здравствени институции во урбаните општини е задоволувачка, додека во руралните општини е слабо развиена. Во поголем број рурални општини нема аптеки, специјалистички ординации, служба за брза помош, а малиот број амбуланти не се достапни за граѓаните ноќе и за време на викендите. Најтешка е пристапноста на граѓаните од руралните планински населби до здравствените институции. „Посебни проблеми се појавуваат во делот на културата. Таму каде што претходно имаше воспоставени центри на култура, државата си презема обврска, а таму каде што нема, имаме некаква селективност“ (Лазарев, градоначалник на општината Конче).

што се децата и старите лица, нема доволен број детски градинки и домови за стари лица, односно постојните капацитети не ги задоволуваат потребите на локалното население.

Според градоначалникот на општина Конче „детските градинки во руралните општини се целосно запоставени, односно постои една селективност, направена многу одамна. Но, со децентрализацијата овој проблем ќе се продлабочи, па таму каде што нема детски градинки, дечињата во руралните општини немаат можност за сместување“.

Жителите од руралните општини имаат отежнат пристап до центрите за социјална работа бидејќи нема подрачни единици на надлежните центри, а најограничен пристап до центрите имаат жителите од планинските населби. Исто така, во ниедна општина не се нотирани вложувања во инфраструктурата од областа на социјалната заштита.

Во однос на кадровските капацитети, во испитуваните општини е утврдено дека во голем дел од нив има несоодветна екипираност на одделенијата за јавни дејности, наспроти потребите од областа на здравствената, социјалната, детската заштита и заштитата на останатите ранливи групи. Исто така, нема вработено лице кое ќе биде одговорно за прашањата од областа на социјалната заштита. Но, врз капацитетите за давање услуги на граѓаните влијае и феноменот на иселување, процес со кој особено се зафатени помалите општини, а го загрозува процесот на децентрализација.

Поттикнувањето на мултисекторската соработка е еден од неопходните предуслови преку кој може да се интензивира процесот на децентрализација. Истражувањата покажуваат дека во најголем дел од општините отсуствува мултисекторскиот пристап, во однос на социјалната превенција помеѓу релевантните актери, општините, центрите за социјална работа, предучилишните, училишните, здравствените установи и други државни тела, правни и физички лица и здруженија на граѓани. Соработка помеѓу општините, Центарот за социјална работа и граѓанскиот сектор се проценува како несоодветна. Иако постојат голем број регистрирани граѓански здруженија загрижува фактот дека се активни мал број од нив. Најчесто граѓанскиот сектор партиципира во донесување акциски планови и поднесување проекти, но недоволно партиципира во мониторинг и еволуирање на активностите.

Според г.Крстевски, претставник од Националната канцеларија на Ре-

публичкиот центар за поддршка на лицата со интелектуална попреченост (РЦПЛИП) „Порака“, капацитетите не зависат од фискалните импликации туку од самите актери, односно од претставниците на невладините организации и од претставниците на локалната самоуправа. Од невладините организации зависи колку успеваат да ги наметнат своите барања, а од претставниците на локалната самоуправа зависи колку посветено влегуваат во приказната заедно со невладините организации и колку настојуваат да решат некои барања или некои потреби на невладиниот сектор. „Но во процесот на добивање средства од локалната самоуправа постои еден проблем. Имено, на повик на општината, за средства се јавуваат сите невладини организации од сите сфери, и тоа спортски друштва, здруженија на пчелари, здруженија не екологисти и здруженија на лица со посебни потреби, стари лица итн. Во овој процес потребно е да се направи мала дистинкција, значи, со ова не се потценуваат пчеларите или екологистите, туку организацијата која работи во областа на социјалната заштита или човековите права треба да биде перципирана на поинаков начин, особено ако таа организација се јавува како обезбедувач на конкретен социјален сервис. Бидејќи на повик на општината, во висина од 500.000 денари, аплицираат 50 организации и навистина претставува проблем, доколку меѓу нив има организација која организира работа на дневен центар чии трошоци се околу 2 до 3 милиони денари. Во таква ситуација, нема да се добие поддршка која се очекува на самиот почеток. Тука е големиот јаз помеѓу тоа што е легислативно, институционално ветено и она што навистина може да се оствари. Законот за социјална заштита на општините им дава надлежност, меѓутоа во Законот се вели „може“, а не „мора“ и не ги обезбедува потребните механизми како тоа би било вистински спроведливо на локално ниво (Крстевски, Национална канцеларија на (РЦПЛИП, „Порака“).

Претставникот од граѓанското Здружение на лица со церебрална парализа, од Чашка, укажа на недоволната финансиска партиципација на општините за проектни активности на невладиниот сектор за да се обезбеди нивна одржливост. „Многу често поддршката е само декларативна и многу малку од буџетот на општините се издвојува за активностите на невладините организаци. Тие опстојуваат преку донации од странство, помош што доаѓа однадвор, но треба да бидат препознаени и од локалните власти. Ако некој однадвор дал средства за да заживее некоја активност на локално ниво, навистина е

потребно локалната власт да го препознае тоа и во иднина да го финансира. Само на тој начин може да се обезбеди одржливост на активностите. Странските актери бараат одржливост. Иако невладините организации во своите предлог-проекти наведуваат дека локалната самоуправа ќе им помогне, ќе се вклучи, тоа се случува многу ретко или никогаш. Доколку би сакале да имаме и децентрализација на социјалната заштита, секако, дека треба многу да се работи на вмрежување, на почитување меѓу институциите, невладините организации и локалната самоуправа бидејќи сите постојат за граѓаните кои живеат во тие општини. За да се постигнат конкретни резултати, треба да се работи организирано и заеднички (Златева, претседател на Здружението на лица со церебрална парализа, Чашка).

За претставникот од општина Пехчево, мултисекторската соработка е повеќе исклучок отколу правило. Тоа значи дека е поуспешна ориентираноста на локалната самоуправа кон институциите на централната власт. Се реализираат заеднички програми и тие секоја година се сѐ подобри, но не може да се избегне фактот дека оваа соработка, сепак, не е на секојдневно ниво. Кога се реализира заедничка програма, на пример, за општинска корисна работа или програма за активни мерки за вработување, тогаш соработката е многу поквалитетна и подобра. Тоа значи дека треба да се работи на други програми кои ќе ја поттикнат оваа соработка. Во конкретниот случај, општина Пехчево е во специфична положба која произлегува од делење заеднички служби со општина Берово.Тоа понекогаш доведува до непријатни ситуации, особено кога се нема официјален проток на информации. На пример, се дознава за работи кои се имплементирани од страна на Агенцијата за вработување или од Министерството, работи што се преземаат на територијата на општина Пехчево, а посебно во сферата на социјалната заштита.

Помеѓу претставниците на граѓанскиот сектор се нагласува дека меѓусекторската соработка е нарушена заради некомпатибилноста, во однос на капацитетите со кои располагаат локалните самоуправи наспроти капацитетите во невладиниот сектор. Имено, „постои јаз помеѓу невладиниот сектор и локалната самоуправа. Од една страна, невладиниот сектор се зајакнува и се едуцира, а од друга страна, локалната самоуправа се сведува на комисии или на еден член кој работи во областа на социјалната заштита или членови на комисиите кои треба да носат одлуки. Тие можеби немаат никакво познавање

од областа на социјалната заштита, така што оваа соработка меѓу невладиниот сектор и локалната самоуправа е на самиот почеток. Исто така, децентрализацијата нема да може да се постигне без вклучување на повеќе фактори, како на ниво на единиците на локалната самоуправа така и на национално ниво. Постојат усвоени локални акциони планови кои се спроведени од страна на невладиниот сектор, но кога треба да се дадат средства, тогаш општините се повлекуваат и велат дека имаат малку средства за кои конкурираат повеќе организации. Не треба да се дозволи акционите планови да се спроведат само од страна на невладиниот сектор, а предвидено е во нивното спроведување да бидат вклучени сите“ (Трајковска, претседател на Центарот за помош на лица со ментален хендикеп „Порака“ Неготино).

Еден од клучните предизвици со кои се соочуваат општините е и потребата за проактивна соработка на општината со бизнис-секторот. Имено, привлекувањето на интересот на бизнис-заедниците со цел да инвестираат не само во социјалната сфера туку и активно да се вклучат во сферата на администрирање за помош и поддршка на активности во овој домен. Општините треба да поттикнуваат иницијативи за прибирање средства за подобрување на животните услови на сиромашните и ранливите групи.

Посебен предизвик за општините е конкурирањето за добивање грантови за прашања од областа на социјалната заштита и социјална вклученост од европските фондови и други меѓународни финансиски институции.

## Идентификувани недостатоци при постапувањето на институциите на локално ниво

Некои од најголемите недостатоци кои се идентификувани при постапување на институциите на локално ниво се поврзани со релативно слабо развиена/и: институционални механизми, механизми за идентификување и вклучување на сиромашните и ранливите групи, сензитивност за потреба од стратешко планирање во доменот на социјалната заштита, капацитети за примена на пошироки мерки за помош и поддршка на ранливите категории население, сензитивност на стручниот кадар, како и сензитивност на стручните лица за работа со ранливите групи.

- Слабо развиени институционални механизми за социјална заштита

Во дел од испитуваните општини, во периодот кога се спроведени истражувањата, евидентирани се проблеми кои произлегуваат од недоволниот број кадри одговорни за прашањата од областа на социјалната заштита или несоодветната екипираност во одделенијата за јавни дејности во општините, наспроти потребите од областа на социјалната, здравствената, детската заштита и заштитата на ранливите групи. Поточно, идентификувани се слабо развиени функции на социјална заштита, недостиг на посебни одделенија за социјална заштита и недостиг од вработени социјални работници.

- Непостоење на механизам за идентификување и вклучување на сиромашните и ранливите групи

Утврден е недостиг во однос на формално воспоставен и стандардизиран механизам за идентификување на сиромашните и ранливите групи. Во општините најчесто недостасува база на податоци за прашања поврзани со социјалната заштита, креирана според целна група, критериуми за примателите на помош и сл. За проблемите на ранливите групи најчесто се дознава преку поднесување барање од страна на граѓаните или преку урбаните/месни заедници.

- Недостиг на сензитивност за потреба од стратешко планирање во доменот на социјалната заштита

Во периодот кога се спроведени истражувањата не е идентификувано стратешко планирање во областа на социјалната заштита, но по спроведените истражувања во сите осум партнерски општини се развиени локални стратегии за социјална заштита, социјално вклучување и намалување на сиромаштијата, како и акциони планови. Според г-ѓа Спасовска, помошник раководител на Секторот за социјална заштита при МТСП, на почетокот мал број општини одговориле на писмените повици од Министерството за да влезат во процесот на креирање стратегии и акциски планови. Иако се работи за законска обврска, во процесот на изготвување акциски планови сѐ уште не се активни сите општини. Според неа, „локалните стратегии и акциските планови не треба да се подразбираат само како документи кои ќе се донесат како проформа за да се задоволат барањата на законот. Туку, напротив се очекува општините да се сензибилизираат и да ги препознаат потребите на своите граѓани, да ги утврдат ранливостите, да ги препознаат можностите како и на кој начин најлесно

можат да ги обезбедат социјалните услугите на своите граѓани во местото на своето живеење. Тоа е основната дефиниција на децентрализацијата во локалната самоуправа. Министерството во овој процес е транспарентно и подготвено е да им помогне на општините за да не бидат акциските планови само декларативни заложби, сака да соработува, контактира и да ги насочува, но најпрво да водат кон вмрежување на сите носители на локално ниво и кон преземање конкретни социјални мерки “.

• Слабо развиени капацитети за примена на пошироки мерки за помош и поддршка на ранливите категории население

Постои тренд за изработка на програми за социјална заштита и стратешки планови за вработување. Програмите за социјална заштита, генерално, се фокусирани на финансиска помош и не ги задоволуваат основните методски и методолошки критериуми. Најчесто, средствата кои се издвојуваат се во форма на еднократна парична помош. Во општинските буџети нема посебна ставка за социјална заштита, а средствата кои се издвојуваат за тоа се минимални или во просек се под 1% од буџетот. Единиците на локалните самоуправи немаат развиени форми за социјална заштита за ранливите групи население. „Капацитетите на локалната самоуправа за спроведување на процесот за децентрализација на социјалната заштита се доволни во доменот на паричните трансфери, односно во нестручните аспекти на дејноста. Сметаме дека стручните аспекти треба да останат еден подолг временски период во доменот на центрите за социјална работа. Локалната самоуправа помага во делот на материјалната помош и тоа го прави и неформално и формално, но без некои посебни средства“ (Лазарев, градоначалник на општина Конче). Според помошник раководителот на Секторот за социјална заштита, г-ѓа Спасовска, “Паричните надоместоци не се основниот клуч на децентрализацијата. Тие претставуваат креирање политика на национално ниво и имаат цел да ги задоволат основните животни потреби на граѓаните. Нивното ниво е многу ниско и тоа зависи од многу критериуми, од контекстот и можностите на определена држава, од програмите кои дополнително се преземаат за активирање на корисниците, па наместо да бидат пасивни корисници на социјална помош треба да се вклучат во другите системи и да станат рамноправни и еднакви со другите граѓани. Министерството очекува дека општините полека ќе развијат капацитети, ќе се вклучат и ќе ги развијат социјалните услуги на локално

ниво“. Меѓутоа, од истражувањата може да констатира дека за оваа категорија граѓани не постојат системски мерки и активности кои се приспособени на нивните потреби. Многу ретко општините применуваат активни мерки за надминување на овие проблеми. Општините немаат континуирани активности за ангажирање на работоспособните работници за извршување работи од јавен интерес. Мерката се сведува на финансиски средства од Министерството за труд и социјална политика и не е постојана, па оттука во 2010 година воопшто не се реализираат јавни работи. Во некои општини оваа мерка се доживува како деградирачка бидејќи се смета дека со реализирањето негативно ќе се влијае врз популарноста на локалните власти.

- Системски недостатоци за користење на правата од социјална заштита

Постојат системски недостатоци кои ги оневозможуваат сиромашните и ранливите групи во однос на користењето на одредени права. Еден дел од ранливите категории граѓани не ги користат правата од социјална заштита поради неинформираност, неисполнување услови, одбивање и срам.

- Несензитивност на стручните лица за работа со ранливите групи

Во согласност со постојната поставеност на системот за социјална заштита, центрите за социјална работа се одговорни за откривање и администрирање директна помош и поддршка на ранливите категории граѓани на локално ниво. Врз основа на направените истражувања, констатирано е дека тие се соочуваат со недостиг од соодветен стручен и технички персонал, соодветна техничка опрема, терենски возила, компјутерска опрема кои овозможуваат стручно и соодветно обезедување помош. Исто така, во нив нема обезбедени услови за соодветен прием и работа со странките, а недостасуваат и одвоени (деташирани) социјални работници кои ќе ја вршат функцијата на истурена единица на центрите во руралните средини. На овие констатирани недостатоци се надоврзуваат и недостигот од капацитети и вештини на стручните лица за работа со ранливите групи. Затоа е потребно да се стави акцент на развојот на програмите за едукација на стручните лица за да можат подобро да го почувствуваат пулсот на населението со кое работат. Едукациите би ги зајакнале нивните вештини и техники за работа и мобилизација на населението и на тој начин би ја зголемиле соработка на населението со институциите.

## Идентификувани социјални проблеми и потреби на сиромашните и ранливите групи од населението во заедницата и капацитетите на општините за нивно надминување

Сиромаштијата и невработеноста[6] се најистакнатите социјални проблеми во сите општини и нивната стапка во испитуваните општини најчесто го отсликува националниот просек, но во руралните општини сиромаштијата од аспект на обезбедување основни егзистенцијални потреби е помалку изразена во споредба со урбаните општини. Оттука, општините, како и центрите за социјална работа примарно се концентрираат на задоволување на паричните побарувања на социјално загрозените и материјално необезбедени категории граѓани.

Како резултат на долгорочната присутност на сиромаштијата и невработеноста, во општините се евидентира и подем на проблеми поврзани со семејните дисфункции и девијации. Се истакнува раст на алкохолизмот, наркоманијата, семејното насилство, малолетничката деликвенција, а во помал број општини се евидентира пораст на проблемот со малолетничките бракови.

Покрај сиромашните и невработените лица, во единиците на локалната самоуправа каде што се спроведени истражувањата како најопшти ранливи категории се идентификувани старите лица, инвалидните лица, како и корисниците на постојана парична помош. Често во категориите на социјално ранливи, во дел од општините се среќаваат и припадници на одредени етнички заедници како што се припадниците на турската и ромската етничка заедница. Недоволно или воопшто не се препознаени потребите на одделни ранливи групи лица, како што се корисниците на droги.

Во општините недостасуваат доволен број иницијативи во поглед на обезбедување социјални услуги за ранливите и маргинализираните групи, особено за жителите на руралните места што спаѓаат во нивната општина. Недостатокот на иницијативност посебно се согледува во фактот што „сите

6 Невработеноста е многу почеста помеѓу женската популација и ниско квалификуваните лица кои чекаат вработување осум или повеќе години. Старосната структура на невработените е неповолна поради големиот удел на младото население на возраст од 15 до 24 години, како и на постарата средовечна работна сила. Ромското население има висока стапка на учество помеѓу категоријата невработени лица.

социјални услуги не се прескапи, неможни да се остварат и зависат од инвентивноста на општините, нивната заложба и вклучувањето на сите на локално ниво“ (Спасовска, помошник раководител на Секторот за социјална заштита при МТСП).

Неинформираноста, како што е истакнато и претходно, претставува генерален проблем кој ги спречува луѓето во остварување на нивните права, особено за остварување на правото на социјална парична помош. Со цел да се зголеми степенот на информираност за правата во доменот на социјалната заштита, Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“, преку партнерските граѓански организации, обезбеди дополнителна поддршка за спроведување активности од информативно-едукативен карактер. Активностите поддржани на овој начин се составен дел од  локалните стратегии за социјална заштита, социјално вклучување и намалување на сиромаштијата.

Општо земено, средствата кои се издвојуваат преку центрите за социјална работа за  работоспособното и материјално необезбеденото население, односно социјалната парична помош, не се доволни за задоволување на основните егзистенцијални потреби на носителите и нивните семејства. Материјално необезбедените граѓани од 2010 година не можат да го остварат правото на еднократна парична помош, право кое најчесто го користеа за надоместување на трошоците за здравствена заштита. Народните кујни и субвенциите за електрична енергија се реализираат како проектни активности. Иако во поголем број општини постојат народни кујни, тие имаат ограничени капацитети и не можат да ги опслужат сите кои имаат потреба за користење на нивните услуги.

## Пренесување на позитивни практики

Пред сѐ, потребно е да се истакне интересот на општините за вклучување во процесот кој е раководен од БИМ-ФБ. Имено, општините искажаа висок степен на подготвеност не само за учество во спроведените истражувања и едукации туку и свесно го прифатија предизвикот да издвојат сопствени средства за реализација на прифатените акциски планови. Тоа претставува позитивен чекор, односно преземање активна улога во делот на подобрувањето на социјалната заштита и социјалното вклучување на локално ниво, што во

суштина претставува еден вид поддршка и кон претстојниот процес на децентрализација во областа на социјалната заштита.

Позитивните практики на полето на децентрализација кои се насочени кон надминување на состојбите констатирани во гореспоменатите истражувања за локалните состојби ќе бидат презентирани на локално ниво и на ниво на невладиниот сектор, со што ќе бидат вклучени и активности кои се преземени во соработка помеѓу овие два сектора.

- Активности кои се спроведуваат од страна на единиците на локалната самоуправа

Конкретно, општината Конче која има скромен и мал буџет, секоја година предвидува мал дел на директни средства за социјална помош. Поточно, минатата година беа планирани 200.000 денари, а беа потрошени 209.000 илјади денари за директна помош. Значи, тие директно со одлука на Советот се трансферирани до граѓаните. Трансферот е направен по барање на разни основи. Често се работи на барања по основ на сиромаштија, а најчесто тоа се барања за болничко лекување, меѓутоа има и многу други методи со коишто се помага. Општината има востановено редовна активност која се презема за Нова година, односно се прави преглед на потребите на лицата од цела општина, се доделува одредена сума пари или средства во натура, односно социјални пакети. Општината е директно вклучена во проектот за народна кујна. Тоа е можеби една тешка обврска, но дистрибуцијата се прави во сите населени места. Поради оддалеченоста на населените места, тоа е единствениот можен начин да бидат опслужени оние на кои им е најпотребна. Храната се зема од Радовиш, односно од детската градинка каде што се подготвува.

Самостојно, еден месец, се организираше и Проект за јавни работи. Целта беше да им се помогнеме на луѓето, но и да се унапреди околината. Овој проект не беше многу скап и чинеше околу 100.000 денари. Оваа година повторно се организира Проект за јавни работи. Исто така, во рамките на можностите се преземаат и голем број активности.

Преку проектот на УНИЦЕФ беа покриени трошоците, но со цел да продолжи проектот, донесена е одлука од страна на општина Конче да се издвојат 160.000 денари како трошоци за обезбедување едукатор.

Во општина Пехчево континуирано се спроведуваат јавни работи, а функционира и проектот за народни кујни.

- Активности спроведени од страна на граѓанскиот сектор

„Порака“ е невладина организација од Неготино на која Министерството за труд и социјална политика и има делегирано надлежност да го спроведе процесот на деинституционализација. Деинституционализација на лица со пречки во развој се реализира во изминативе три години и згрижува 63 лица. Тие сега живеат во индивидуални домови како секој друг граѓанин. Центарот за поддршка на лицата со ментален хендикеп „Порака“ од Неготино вработи 40 лица, значи 40 семејства живеат од давањето услуги. Организацијата повеќе е признаена надвор од границите отколку од самата општина. Сите информации се на располагање, и тоа на општините, градоначалникот и на советниците, но нешто недостасува, а тоа е едукацијата со која ќе се подобри соработката меѓу невладиниот сектор, локалната самоуправа и бизнис-секторот. „Порака“ од Неготино има добра соработка и поддршка од Министерството, од организации како Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“ кои ги поддржуваат и ги забрзуваат процесите на деинституционализација и децентрализација што даваат иницијатива за префрлање на ингеренциите на невладиниот сектор (Трајковска, претседател на граѓанската организација „Порака“ од Неготино).

- Активности кои се преземени во соработка со едниците на локалната самоуправа и невладиниот сектор

Позитивни примери од организациите на „Порака“ од Куманово и „Порака“ од Струга каде на барање на националната канцеларија, условно кажано, е направен притисок врз локалната самоуправа и склучен е договор за вршење работи од јавен интерес од локално значење. Овој договор е направен врз основа на член 24 од Законот за локална самоуправа кој предвидува можност за директно партнерство помеѓу невладините организации и локалната самоуправа. Врз основа на тој член и механизам се успеа во тие две локални самоуправи да се обезбеди комплетно финансирање на дневен центар за лица со попреченост. Тоа во моментов се прави во Скопје, со што градот Скопје покрива 70% од трошоците за дневниот центар, но тоа се случува и во Охрид каде просторот е на општината и таа комплетно го реновира. „Порака“ со поддршка од Министерството, Институтот „Лудвиг Болцман“, но и со огромна поддршка од општина Радовиш работи на реновирање на голем објект за дневен центар за лицата со посебни потреби. За оваа намена општина Радовиш, од не така големиот буџет, издвои милион денари. Рецептот за вистинско партнер-

ство и за тоа како може да се успее е само доколку сакаат и имаат отворени срца за давање поддршка која е неопходна. Не заклучуваме, туку даваме насоки како да се размислува, а капацитетите зависат од нас, од сите оние кои се инволвирани во работата. Децентрализацијата согласно со „префиксот де“, значи губење моќ од централната власт, меѓутоа дали таа моќ се пренесува на вас во финансиска смисла, тоа е друго прашање на кое треба да се одговори и да се дискутира на друго ниво. (Крстевски, Национална канцеларија на РЦПЛИП „Порака“).

Како позитивен пример на мултисекторска соработка ќе биде наведена и соработката која неколку години се остварува помеѓу општина Пехчево, Министерството и Ромскиот едукативен фонд во однос на претшколското образование на децата Роми. Општината со овие два партнера реализира и Проект за изградба на детска градинка во населеното место Црник. Исто така во Пехчево постои и активна соработка помеѓу општината и Организацијата на жени од Пехчево. Оваа соработка, пред сè, е поттикната преку поддршката што Институтот за човекови права ја даде на невладината организација за учество во проект на општината. Според претставникот на невладината организација, поддршка од општината постоела и во минатото, но повеќе на логистички план отколку на финансиски. Иако организацијата подолго време опстојува на подрачје на општина Пехчево, сепак, таа е недоволно активна во искористување на средствата од буџетот. Најчесто, нивните барања се упатувани откако ќе се донесат буџетите на општината. Практично, добиената помош не е предвидена во буџетот, туку е издвоена од некои други ставки од кои можат да се дадат минимални средства.

## Придобивки од примена на принципот заснован на човекови права во процесите за подготовка на локални стратегии за социјална заштита, социјална инклузија и намалување на сиромаштијата во осум општини

Како што нагласивме на почетокот, Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“ спроведе две истражувања кои беа направени во функција на изготвување апликативни, применливи стратегии и акциски програми, како и

имплементирање на пилот-проекти во приоритетните области идентификувани од страна на општините. Значајно е да се спомене дека во овие истражувања е применет пристапот заснован на човековите права за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на национално и локално ниво што вклучува идентификување на ранливите групи, нивно директно вклучување во процесите на донесување одлуки што ќе влијаат врз нивниот живот, како и воспоставување систем за мониторинг и отчетност на носителите на обврски.

Сите осум општини активно беа вклучени во изготвување локални стратегии за социјална заштита, социјална инклузија и намалување на сиромаштијата. Во овој дел, поконкретно ќе се осврнеме кон елаборација за примена на принципот заснован на човекови права во процесот на подготовка на локалната стратегија за социјална заштита и социјална инклузија и намалување на сиромаштијата во општина  Конче. Таа е една од првите општини што ја усвои стратегијата и е во процес на спроведување на акцискиот план, како и спроведување и реализација на дел од мерките. Наспроти свесноста и сензибилноста како важни прашања за развој на општина Конче, тоа беше прв стратешки документ од областа на социјалната заштита. Претходно, Комисијата за комунални дејности која е формирана при Советот на општина Конче, секоја година изработуваше Програма за јавни дејности во која беше и делот за социјална заштита. Програмата беше сведена на материјалните давања со еднократна помош. Во 2011 година, Министерството за труд и социјална политика направи еволуација на општинската програма спроведена во 2010 година. Беше увидено дека општината наместо да предложела активни мерки, таа најчесто им исплаќала парични надоместоци на социјално загрозените граѓани. На општината и беше предложено да работи на изнаоѓање повеќе мерки и форми за да можат социјално загрозените граѓани да се ангажираат и да се вклучат во различни програми и проекти.

Новата програма на општината е изготвена во согласност со суштината на современата социјална заштита. На програмата и претходи една детаљна анализа на состојбата на општината, во однос на тоа што значи социјална инклузија и сиромаштија. Студијата овозможува увид во најризичните категории граѓани каде преку систематски мерки може да им се излезе во пресрет. Акционата програма става поголем акцент за реализирање на дел од мерките предвидени во стратегијата. Некои од мерките се директно вклучени во про-

грамата и се очекува, преку практични активности, да бидат имплементирани оваа година. Имајќи ја предвид локалната состојба, не се работи за многу активности и се очекува дека со максимални локални напори тие ќе бидат остварени. Се верува дека системското познавање на социјалните проблеми и потреби на граѓаните ќе доведе до успешно надминување на многу повеќе социјални ситуации. Значајно е да се нагласи дека финансиските средства за активности се одобрени од страна на Советот, но се смета дека тие нема да бидат доволни. Оттука, се очекува дека дополнителни средства за реализација на активностите ќе бидат добиени од Министерството, како и од донации и надворешни фондови. Локалната стратегија предвидува и еволуирање на активностите кои ќе бидат реализирани во период од 2012 до 2015 година. Се очекува дека стратегијата ќе придонесе за унапредување на социјалните состојби во општина Конче.

Исто така, сметаме дека е важно да се посочи на потребата од одржливост на активностите предвидени во локалните стратегии и на потребата од партиципативното учество во нив. Г-ѓа Пљакова, соработник за локален економски развој од општина Чашка, нагласува дека општините имаат искуства во изготвување стратешки планови, но тие се соочуваат со тешкотии за нивно имплементирање. Во одредена смисла, гаранцијата за успех на конкретните стратегии произлегува од поддршката што единиците на локалната самоуправа ја добиваат од Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман", кој помогна не само во креирање на стратегијата на локално ниво во сите осум општини туку и во обезбедување средства за реализација на предвиденото. Здружувањето на средствата и ресурсите претставува гаранција за имплементација на предвидените активности или поконкрето имплементација на осумте микропроекти. Тешкотии ќе има понатаму, па затоа е неопходно да се обезбеди одржливост на проектите, а за постигнување на одржливоста неопходно е да се воспостави соработка со ЗЕЛС. Исто така, потребно е вмрежување на сите засегнати страни, без разлика, дали се тоа институции на национално или локално ниво, граѓански сектор, заедници, месни заедници, бизнис-сектор или поединци. Директните чинители треба да воспостават поблиска соработка, да работат на развивање нови вештини[7] за препознавање на потребите на

7 Прашањето за развивање вештини за работа со локалното население е посочено во делот на препораки и заклучоци, а елаборирано од страна на професор Марија Доневска од Институтот за социјална работа и социјална политика.

локално ниво, да допрат до потребите на граѓаните и на тој начин да влијаат врз зголемување на локалната придобивка.

Според г-ѓа Тодоровска, раководител на Секторот за социјална инклузија при МТСП, на локалните партнерски групи им недостасува чувството на сопственост за локални стратегии. „Поточно ова чувство недостасува кај општините, невладиниот сектор и кај бизнис-секторот. Локалните стратегии се исклучително на локалната заедница, на сите релевантни чинители кои работат на локално ниво за унапредување на социјалните услуги. Иако, преовладува ставот дека Институтот ја направи стратегијата, сметаме дека секој на свој начин треба да се препознае себеси во практичната имплементација на стратегијата. Во овие осум пилот-општини е постигнат резултат во насока кон јакнење на нивните капацитети. Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“ помогна локалните партнерски групи да се вклучат и да изградат насока и своја сопствена политика, со цел да се унапреди задоволувањето на правата на граѓаните на локално ниво“.

## Придобивки од активното вклучување на сиромашните и ранливите групи во донесувањето одлуки на локално ниво

Со цел да се изготват соодветни и попрецизни акциски планови, неопходна е соработка на сите нивоа вклучувајќи ја тука соработката на национално, регионално и локално ниво. Покрај соработката со постојните институции и со невладиниот сектор на локално ниво, општините имаат потреба и обврска активно и посмело да ги вклучат сиромашните и ранливите групи во процесот за идентификација на нивните потреби. Со цел да се зголемат придобивките од имплементацијата на процесот заснован на човекови права, неопходна е активна партиципација на носителите на правата. Вклучувањето на ранливите категории граѓани треба да се одвива во сите фази од процесот, вклучувајќи ги тука анализата на потребите, дефинирањето на приоритетните проблеми, планирањето програми, како и спроведувањето конкретни активности за нивно надминување. Само преку еден таков сеопфатен пристап, општините можат поодговорно да пристапат кон планирање на пакетите за социјални услуги и нив да ги програмираат и да ги насочат кон одредени ранливи групи. Во тој

контекст ќе биде наведен примерот од општина Пехчево каде при спроведување на процесот на стратешко и акционо планирање се формираа фокус-групи за утврдување на приоритетите на општината, со цел цел да провери дали планираните активности се во согласност со реалните потреби на граѓаните. Преку партиципативното учество, родителите на децата со посебни потреби предложија изготвување на информативни материјали за правата кои им следуваат. Предлогот е инкорпориран во постојната локална стратегија.

Исто така, општината Пехчево е партнер во финансирање на проектот кој вклучува повеќе сектори. Значи, мултисекторски проектот се однесува на мобилен тим за посета, грижа и нега на болни и стари лица во домашни услови. Впрочем, самата реализација на проектот подразбира задоволување на дел од потребите на две ранливи категории граѓани. Имено, од една страна проектот ги насочува старите и изнемоштени лица, а од друга страна, помага за намалување на бројот на подолгорочно невработени жени од општина Пехчево. Значи, направен е обид за идентификација и вклучување на стари изнемоштени лица, а исто така и идентификација и помош на подолгорочно невработени жени, две ранливи категории кои беа утврдени во делот на студијата изготвена за општина Пехчево. Наедно, со проектот се апсорбира недостатокот од институционална заштита на болни и стари лица, при што помошта се администрира во природна средина, домот итн. Проектот е замислен така што за детектирање на старите лица кои имаат потреба од нега во домашни услови се вклучени Центарот за социјална работа од Берово и подрачната канцеларија од Пехчево. Центарот за вработување на општина Берово помогна за идентификација на невработени лица, жени[8] . Инаку, невработените жени покажаа голем интерес за вкучување во проектот. На првиот состанок се пријавија 45 жени што предизвика тешкотија при селектирањето на лицата кои ќе учествуваат во имплементацијата на проектот. Пехчево е мала општина со 6000 жители, еден микрореон каде што сите се познаваат, па беше тешко да се издвојат потенцијалните уживатели на помошта и жените кои се носители на активностите. Меѓутоа проектот побуди интерес, повисок степен на активност кај жените, раздвиженост и спроведување на една убава идеја. Крајната цел е овие услужни дејности да прераснат како програмска активност на невладините организации кои прераснуваат во центри за услуги, со што е неопходно да се обезбедат начини за

8 Главен носител на проектот е Организацијата на жени од Пехчево.

редовно финансирање како од општината така и од други институции кои треба да влезат во оваа сфера. Навистина, проектот внесе нов квалитет во животот на старите луѓе. Имајќи го предвид нивниот број, не може да се зборува за нивно институционализирање бидејќи толкав капацитет немаат ни најбогатите држави. Како корисници на услугите беа определени лица, уживатели на туѓа нега. Со помош на матичните лекари беа добиени информации за лицата кои немаат ваков вид нега, а имаат потреба од помош.

Проектот напредува, а направен е увид во потребите за тоа што може да се даде, како што се инвалидски или тоалетни колички. На старите луѓе им се менува квалитетот на живеење, и тоа само со неколкучасовна посета колку што престојуваат жените во нивните домови (Симовска, Организација на жени Пехчево ОЖП).

Во општина Неготино, пак, директно се поддржува партиципативното учество на ранливите групи во процесот на спроведување активности во рамките на микропроектот „Социјално вклучување на лица со посебни потреби во заедницата“. Проектот има цел социјално да ги вклучи лицата со пречки во интелектуалниот развој, преку нивно активно и континуирано работно ангажирање. Притоа, во проектот се вклучени 10 лица со пречки во менталниот развој кои преку обука се оспособени и се ангажирани за собирање хартија и пластика во претходно поставени наменски контејнери лоцирани во градот Неготино. Со цел да се сензибилизира јавноста за користење на поставените наменски контејнери, како и активно да се вклучи за поддршка на проектните активности, направена е медиумска кампања и подготвен е промотивен материјал. Проектот го промовира концептот на одржлив локален развој преку вклучување лица со пречки во менталниот развој во локалната заедница, нивно работно ангажирање во насока кон генерирање на одреден приход, како и заштита и зачувување на животната средина на локално ниво. Исто така, проектот го промовира концептот на партнерство помеѓу граѓанската организација, локалната самоуправа и субјект/и од деловниот сектор во насока кон решавање на значајни социјални прашања на локално ниво и обезбедување одржлив локален развој.

## Следни чекори во процесот на децентрализација на социјалната заштита

На национално ниво, Министерството за труд и социјална политика самостојно или во соработка со други меѓународни финансиски и развојни агенции активно работи за унапредување на процесот на децентрализација. Многубројни се активностите кои ги презема Министерството за труд и социјална политика на полето за децентрализација на социјалните услуги. Тоа се проекти кои се имплементираат или во блиска иднина ќе бидат спроведени од страна на Министерството, активности кои веројатно ќе помогнат за да се одговори на предизвиците со кои ќе се соочиме во иднина со процесот на децентрализација.

Од аспект на децентрализацијата се спроведува и Програмата за развој на социјалната заштита 2011-2021 година која е значаен документ, фокусиран кон унапредување на системот за социјална заштита, како и на сите други политики што Министерството напоредно ги спроведува, како што е процесот на деинституционализација, социјално вклучување, намалување на сиромаштијата итн. Во рамките на програмата, координативното тело во 2011 г. изготви извештај за спроведените активности и го достави до Владата. Министерството во соработка со УНДП, во 2012 година, спроведе длабинска анализа на капацитетите на локално ниво за преземање на социјалните услуги. Иако вакви активности беа спроведени во рамките на проектот од Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман" и во други проекти, сепак не е направена една длабинска анализа. Сите досегашни проекти го допираат прашањето од свој аспект, и тоа од аспект на ранливоста, меѓуопштинската соработка и анализа на капацитетите. Но длабинската анализа се базира на неколку значајни компоненти кои ќе ги проценат капацитетите на сите локални актери, центрите за социјална работа, општините, невладиниот сектор, училиштата, здравствениот сектор, приватниот бизнис итн. Ќе им помогне на општините самите да ги утврдат ранливите групи на локално ниво, преку работа во фокус-групи и ќе придонесе кон утврдување на одредени модели кои ќе бидат подготвени во форма на прирачник. Односно ќе и даде можност на општината, преку прирачник да дефинира модели за развивање на социјалните услуги, а како краен резултат ќе се организира една соодветна едукација. Ова е пилот-проект и многу

е важно на почетокот да биде поставен соодветно за да може понатаму да се примени и во други општини.

Националната програма за развој се фокусира на спроведување активности и предвидува модел на раздвојување на паричните надоместоци од центрите за социјална работа и нивно менаџирање од страна на посебна агенција. Тие би се поврзале со системот на вработување и би се понудиле поактивни модели на работа. Тоа значи со самите корисници во смисла на нивно поголемо вклучување на пазарот на трудот и поделба на социјалните услуги, како што се вели популарно сервиси во центрите за социјална работа, и нивно поголемо поврзување со општините и со сите актери на општинско ниво. За да се спроведе овој процес, стратегијата предвидува формирање на три совети како краткорочна мерка. Прво би требало да се формира советот за превенција, во кој би влегле сите битни чинители на локално ниво, втор би бил советот за социјални услуги кој би се занимавал со понатамошен развој на социјални услуги и третиот совет би бил советот за вработување. Значи овие совети ќе зависат од успехот со кој ќе биде менаџиран овој процес на раздвојување на паричните надоместоци од социјалните услуги.

Во моментот се работи на два проекта кои се добиени преку ИПА-програмата, компонента четири. Првиот проект се однесува за јакнење на капацитетите на општините и невладиниот сектор за да можат да се здобијат со вештини за изготвување на соодветни проекти и самостојно да аплицираат за проекти од ИПА-фондовите. Вториот проект е насочен кон вклучување на ранливите групи на пазарот на трудот и се однесува на техничка помош во смисол на едуцирање на сите чинители на локално ниво кои можат да се вклучат во овој процес, вклучувајќи ги центрите за социјална работа, невладиниот сектор, општинската администрација итн. Со спроведување на овие проекти се очекува дека ќе се отвори вратата на понатамошниот процес за подготвување на поконкретни проекти каде Министерството нема да биде клучен носител, туку се очекува поголем ангажман и од општините и од невладиниот сектор, односно се очекува нивно соединување на локално ниво.

Во однос на капацитетите на центрите за социјална работа течат неколку процеси. Во тек е избор на консултантска куќа која ќе направи една функционална анализа на вработените во центрите за социјална работа, со цел да се понуди еден нов модел за нивно организирање и да се стават во функција

потребите за испорачување на социјалната работа, како и спроведување на сите стратешки политики на Министерството. Исто така се реализира процесот на лиценцирање кој треба да воведе континуитет во смисол на планирано едуцирање на стручните лица.

Министерството за труд и социјална политика нормативно ја уреди соработката со невладиниот сектор. Претставниците на невладиниот сектор активно учествуваат во сите координативни тела, партиципираат во креирање и имплементирање на политиките што значи дека тој процес треба да се надогради, а соработката да се унапреди.

На пример, за првпат УНДП организираа Проект за меѓуопштинска соработка за развој на социјалните услуги и изготвија акциски планови. Значи се напушти концептот за животна средина, социјалните услуги беа ставени на дневен ред, а плановите по спроведувањето на проектот беа многу квалитетни, во смисол на ангажирање на општината за преземање конкретни и изводливи мерки кои треба да се преземат на локално ниво. Сметаме дека на тој начин треба да го градиме процесот на децентрализација за социјално влкучување во општините.

Социјалните услуги како нови форми се веќе воспоставени во државата. Од страна на Министерството, тие се креираат врз основа на испитување на потребите на граѓаните. Така е креиран системот на самостојно живеење за поддршка на лицата со инвалидност. Создадени се нови права, како што е правото за мобилност на граѓаните со попречен вид, зголемен е износот, донесен е и Законот за знаковен јазик, вклучени се глувите лица во сите општествени текови, малите групни домови итн. Но, важно е да се каже дека Министерството има осет за потребите на грѓаните и во голема мера тоа зависи од неговите можности (Спасовска, помошник раководител на Секторот за социјална заштита при МТСП ).

Г-ѓа Тодоровска, раководител на Секторот за социјална инклузија при МТСП, го нагласи значењето за примена на програмата за патролна социјална работа која дава исклучителни резултати на локално ниво во три пилот-општини во Скопје, и тоа: Центар, Гази Баба и Ѓорче Петров. Во програмата се нуди директна помош на ранливите категории на улица. Социјалните работници излегуваат од стереотипот на бирократска работа, со тоа што со оваа програма тие им помогнаа на ранливите категории да влезат во системот на социјална

заштита. На тој начин, програмата овозможува да се постигне превенција преку еден мултидимензионален приод кој се воспоставува преку вертикална и хоризонтална координација.

УНДП заедно со Министерството работи на креирање на активните мерки за вработување преку општинска корисна работа. Тоа е пилот-програма која ќе се спроведува оваа година. Во рамките на оваа програма ќе се отворат мал број вработувања, а тоа ќе овозможи да се вработат еден мал број лица кои ќе испорачаат услуги за ранливите категории. Ако се покаже како успешна, таа ќе создаде можност за поголемо финансирање на вакви слични програми (Рамадани, претставник од УНДП).

## Заклучоци и препораки

Исцрпната дискусија, водена за време на тркалезната маса на тема „Децентрализација на социјалната заштита во Република Македонија, фактичка состојба, предизвици и можности на локално ниво“, како и истражувањата за проценка на локалните состојби понудија соодветни препораки и овозможија извлекување на конкретни заклучоци.

Притоа, мултисекторската соработка се наметна како централна тема во процесот за децентрализација на социјалната заштита. Се смета дека е неопходно и потребно е да се дојде до вмрежување и поттикнување на сите актери на локално ниво. Согласно со досегашните искуства, социјалните услги и нивната децентрализација зависат од начинот на кој е поставен системот (Спасовска, помошник раководител на Секторот за социјална заштита при МТСП). Без вклучување на сите фактори како на ниво на единиците на локалната самоуправа така и на национално ниво, децентрализација нема да може да се постигне. Постојат неискористени капацитети не само во невладиниот сектор туку и кај поединци кои се на располагање на единиците на локалната самоуправа. Општинската администрација на нив гледа како на некоја конкуренција која ги загрозува нејзините позиции, но на нив треба да се гледа како на луѓе со искуство во однос на некоја состојба во доменот на социјалната заштита (Трајковска, претседател на невладината организација „Порака“ Неготино).
Се проценува дека состојбите во однос на капацитетите на општините се различни и од нив зависи и самиот процес на децентрализација на социјалната

заштита. Реално, постојат различни општини со различна моќност. Постојат многу сиромашни општини со блокирани сметки и многу богати општини. Во општините не постои соодветна инфраструктура, ниту пак дезигнирани средства за оваа намена. Затоа е потребно да се најде еден механизам во рамките на буџетите за облигаторно издвојување средства за социјална заштита (Јанкулов, Општина Конче). Таа не треба да биде сведена само на материјална помош, туку и на други аспекти во сферата на социјалната инклузија. Малите средини многу тешко ќе се снајдат во задоволувањето на потребите во социјалната сфера, не само од материјален аспект туку и од кадровски аспект затоа што стручните лица и младите кадри ги напуштаат овие средини. Затоа и понатаму ќе треба да се работи за поголемо охрабрување на луѓето за да можат да се ориентираат кон поголема соработка за задоволување на потребите на граѓаните“ (претставник од општината Пехчево).

Се нагласува дека децентрализацијата не зависи толку од фискалните импликации колку што зависи од самите актери. Тука се мисли на претставниците од граѓанските организации и од локалната самоуправа. Од невладиниот сектор зависи колку ќе успее да ги наметне своите барања, а од претставниците на локалната самоуправа зависи колку ќе се посветат за да решат некои од нивните барања или некои од нивните потреби. Посебен проблем се јавува во ситуација кога општината објавува повик за поддршка на невладини организации. Невладини организации се и спортски друштва, здруженија на пчелари, здруженија на екологисти и здруженија на лица со посебни потреби и стари лица. Првата работа која треба да се направи е дистинкција помеѓу организации од типот на здруженија на пчелари или екологисти и организации кои работат во областа на социјалната заштита или човековите права. Тие треба да бидат перципирани на поинаков начин, особено ако тие организации се јавуваат како обезбедувачи на конкретни социјално сервисни служби (Крстевски, Национална канцеларија на РЦПЛИП „Порака“). Исто така, се нагласува потребата од одржливост на децентрализираните социјални услуги. Сериозно треба да се размислува кога се донесуваат буџетите на општините и притоа е потребно процесот да биде транспарентен. Постои потреба од јавни расправи за ставките кои се одвојуваат од буџетот за граѓанскиот сектор. Потребно е да се доставаат претставки до комисијата која работи на самиот буџет, но тоа треба да биде практика на сите општини. Треба поголем број луѓе да

се вклучат во креирањето на буџетот бидејќи средствата доаѓаат од граѓаните и буџетот треба да биде за нив. Се апелира за поголема будност на невладиниот сектор кога се донесуваат буџетите за да земат и тие дел од колачот, за реализација на програмските активности. Меѓутоа се апелира и за поголема свесност на локалната самоуправа, градоначалниците и советниците кога ќе го гласаат буџетот, значи, да поддржат нешто што е приоритет и што е потребно за општината (Златева, претседател на Здружението за поддршка на лица со церебрална парализа, Дневен центар за лица со инвалидност, Чашка).

Се смета дека успешноста на процесот за децентрализација во социјалната заштита зависи од тоа дали услугите се развиваат во согласност со потребите на граѓаните. „Социјалната заштита на локално ниво, односно потребите на граѓаните, не секогаш чинат многу; тоа не е институција, тоа е поддршка и помош на граѓаните; таа зависи од тоа како живеат и што им е потребно. Затоа ги акцентираме и ги посочуваме акциските планови. Општината мора да знае кои и се ризични групи, дали во населените и оддалечените места има стари лица кои никој не ги гледа, дали има инвалидни лица кои никој не ги вклучил во некој процес, дали има деца без родители на кои треба да им се помогне на каков било начин. Секогаш не се потребни услуги од типот на институција како што е старски дом, детска градинка итн. Тоа не е процес и државата повеќе не го врши тоа, сега општините треба да го вршат. Потребна е активна партиципација и соработка за да го направиме тоа во интерес и за доброто на граѓаните (Спасовска, помошник раководител на Секторот за социјална заштита при МТСП)“.

Една од клучните препораки, во однос на процесот на децентрализацијата, е насочен кон активна партиципација на граѓаните за имплементација на активностите на полето на социјалната заштита, како и проценка и инвестирање за изградба на човечки капитал и искористување на социјалните сили. Во тој контекст, професор Марија Доневска од Институтот за социјална работа и социјална политика, во процесот за децентрализација на социјалните услуги го нагласува значењето на Платоновата максима „да знаеш, не значи да умееш“. Притоа таа посочува дека „на локално ниво можеме да имаме сто стратегии, да ги напишеме, да ги подготвиме, но ако не го знаеме пулсот на населението со кое работиме, не знаеме на кој начин и со кои вештини треба да ги мобилизираме за да почнат да соработуваат со нас, не ги знаеме тајните во

однос на одредени техники за соработка со населението и ако не знаеме дека резултати се постигнуваат само преку вклучување луѓе кои живеат во локална заедница, тогаш нема да постигнеме ништо“. Затоа таа смета „Во обуката на луѓето кои се таканаречени социјални сили во кои влегуваат невладините организации треба да се стави посебен акцент на учење вештини за работа со локалното население. Треба однапред да знаеме дека локалното населени делумно знае за процесите кои сакаме да ги менуваме во локалниот развој на заедницата. Исто така, мора да знаеме дека луѓето во локалната заедница во која живееме имаат одредени свои приоритети за социјална активност во локалната заедница. Тука мора да ги земеме предвид и социјалните сили кои не се секогаш советниците и активистите на одредени институции, туку тоа може да биде некој постар човек кој има голем авторитет во заедницата. Сето тоа ни е потребно кога работиме во локалната заедница. Препорачуваме, повеќе да работиме на развивање вештини и како се работи бидејќи без тоа нема ништо да постигнеме иако некои работи убаво изгледаат на хартија, но во практика тоа е тајна во нашиот занает и во нашата професија“.

Што се однесува до учеството на бизнис-секторот, тоа е голема рана во овој процес бидејќи се стекнува мислење дека кај нив отсуствува чувството на општествена одговорност. Можеби сè уште се наоѓаат во транзицискиот период за да можат да мислат за нешто повеќе отколку за нивните профити и да одвојат нешто и за граѓаните. За да се промени тоа, невладиниот сектор треба многу повеќе да работи на нивно анимирање, да им се помогне да размислуваат на општествено одговорен начин бидејќи и тие можат нешто да придонесат. Ако се размислува за некаква фела, бизнис секторот и не е толку лош, но потребен ни е начин за пристап, комуникација со нив за да се оствари некоја постојана парична помош во буџетот на ниво на општина. Тоа е можно, но потребно е да се сензибилизираат за тоа. Мислам дека треба да работиме повеќе на тој план (Симовска, Организација на жени Пехчево - ОЖП).

На крајот ќе посочиме дека социјалната заштита не секогаш имплицира високи трошоци. Често забораваме на оние основни капацитети кои ги имаме на располагање во самата општина, а не се ставени и не се користат во функција на заштита или обезбедување на базичните потреби на граѓаните. Некогаш е доволно да се анимира една група волонтери која ќе помогне во обезбедувањето на она што за одредена ранлива група е егзистенцијална потреба.

# Список на присутни на тркалезната маса – Децентрализација на социјалната заштита во Р.Македонија одржана на 30.3.2012

| | Име и презиме | Организација/институција |
|---|---|---|
| 1. | Петранка Д. Миладинова | Раководител на БИМ-ФВ Скопје |
| 2. | Ибрахим Ибрахими | Заменик-министер за труд и социјална политика (МТСП) |
| 3. | Ирена Тодорска | Раководител на Одделението за социјално вклучување при МТСП |
| 4. | Светлана Трбојевиќ | Модератор од Институтот за социјална работа и социјална политика |
| 5. | Мила Царовска | Претседател на Македонската платформа за борба против сиромаштијата МППС |
| 6. | Софија Спасовска | Заменик-раководител на Секторот за социјална заштита при МТСП |
| 7. | Милица Коневска | Одделение за социјално вклучување при МТСП |
| 8. | Катерина Савовска | ЈУ МЦСР Скопје |
| 9. | Роберт Шарламанов | Австриска развојна агенција |
| 10. | Мери Терзиева | МППС |
| 11. | Ивана Стојановска | МППС |
| 12. | Стојан Лазарев | Градоначалник на Општина Конче |
| 13. | Златко Јанкулов | ЕЛС Конче |
| 14. | Хавва Абдураманова | ЕЛС Конче |
| 15. | Слободанка Кртева | ЕЛС Неготино |
| 16. | Славко Колев | ЈУМ Центар за социјална работа Неготино |
| 17. | Љупчо Каракашовски | ЕЛС Пехчево |
| 18. | Лидија Пљакова | ЕЛС Чашка |
| 19. | Сали Латифов | ЕЛС Чашка |
| 20. | Оливера Долдурова | ЕЛС Радовиш |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | Виолета Темелкова | МЦСР Радовиш |
| 22. | Зорица Стефанова | Организација на жени на општина Конче |
| 23. | Гордана Трајковска | „Порака“, Неготино |
| 24. | Валентина Тасева | „Порака“, Неготино |
| 25. | Нада Симовска | Организација на жени на општина Пехчево |
| 26. | Далиборка Златева | Здружение на лица со церебрална парализа (ЗЛЦП) Велес |
| 27. | Владо Крстовски | Републички центар за лица со интелектуална попреченост – РЦЛИП ПОРАКА |
| 28. | Ибадетка Цупеска | Здружение САСТИПЕ ЗДРАВЈЕ Берово |
| 29. | Елена Нешовска | Здружение „Сумнал“ |
| 30. | Марија Гелевска | Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ ЕСЕ |
| 31. | Теодора Дилберова | Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ ЕСЕ |
| 32. | Јана Поповска | Здружение „Хуманост“ |
| 33. | Дивна Змејковиќ | Унија на независни автономни синдикати на Македонија - УНАСМ |
| 34. | Марија Донеска | Филозофски факултет |
| 35. | Филип Бабамов | СОС Детско село |
| 36. | Нехат Рамадани | УНДП |
| 37. | Нафи Сарачини | ЕУ Делегација |
| 38. | Билјана Таневска | Македонско радио |
| 39. | Наташа Јанчиќ | МТВ |
| 40. | Нинослав Младеновиќ | БИМ-ФВ Скопје |
| 41. | Јагода Иљов | БИМ-ФВ Скопје |
| 42. | Стојан Мишев | БИМ-ФВ Скопје |

# Користена литература


Доневска М. ет ал. (2011), Студија за сиромаштија и социјална исклученост во Република Македонија: Локални социјални проблеми и потреби – Скопје, Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ (2010) Анализа на актуелните состојбите во социјалната заштита и социјалното вклучување, Скопје - Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“

Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002)

Закон за територијална организација на единиците на локалната самоуправа од („Службен весник на РМ“ бр. 55/2004)

Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/2004)

Закон за социјална заштита („Службен весник на РМ“ бр. 50/97, 16/2000, 17/2003, 65/2004)

Закон за социјална заштита („Службен весник на РМ бр. 79/09“)

Стратегија за социјална заштита, социјално вклучување и намалување на сиромаштијата во општина Чашка 2011 – 2015

Стратегија за социјална заштита, социјално вклучување и намалување на сиромаштијата во општина Студеничани 2011 – 2015

Стратегија за социјална заштита, социјално вклучување и намалување на сиромаштијата во општина Неготино 2011 – 2015

Стратегија за социјална заштита, социјално вклучување и намалување на сиромаштијата во општина Липково 2011 – 2015

Стратегија за социјална заштита, социјално вклучување и намалување на сиромаштијата во општина Берово 2011 – 2015

Стратегија за социјална заштита, социјално вклучување и намалување на сиромаштијата во општина Пехчево 2011 – 2015

Стратегија за социјална заштита, социјално вклучување и намалување на сиромаштијата во општина Радовиш 2011 – 2015

Стратегија за социјална заштита, социјално вклучување и намалување на сиромаштијата во општина Конче 2011 – 2015

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

342.25(497.7)

ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА на социјалната заштита во Република Македонија : фактичка состојба, предизвици и можности на локално ниво. - Скопје : Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“, 2012. - 39 стр. ; 21 см

Публикацијата е во рамките на проектот: „Социјална инклузија и човекови права и во Македонија“. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 39

ISBN 978-608-65321-3-0

а) Децентрализација - Македонија

COBISS.MK-ID 91650314

ISBN

9 786086 532130

ISBN
9 786086 532130